Пишува:
Александар КЕЛТАНОСКИ



# SEAT SPORT COUPE BOCANEGRA

Шпанскиот производител го избра Саемот на автомобили во Женева како настан на кој ќе го претстави новиот спортски модел Bocanegra. Автомобилот го добива името по одлично дизајнираната предна решетка на ладилникот, која ги истакнува фаровите и логото на "Seat", а стандардно ќе биде во црна боја. Каросеријата со должина од 4 метри дава доволно просторност, а функционалноста, високото ниво на безбедност и спортскиот изглед одлично се вклопени. За екстра внимание е и панорамското стакло на покривот, положбата на страничните трепкачи, кои се вградени во ретровизорите и атрактивните 19-инчни бандажи, кои го нагласуваат спортскиот изглед.

Задниот дел изгледа многу агресивно, а е надополнет од издувот кој е сместен на централниот дел. Внатрешноста е одлично дизајнирана, особено централната конзола, која го нагласува спортскиот изглед. Bocanegra ја движи 1.4 TSI twin турбо мотор, дополнет од DSG менувачот со контроли за менување на брзини на воланот. Малиот мотор се должи на "зелената" политика, која ја зафаќа автомобилската индустрија и тежнеењето кон што помала емисија на $CO_2$, но дополнет од двата турбо полначи дава одлични перформанси.





Во Јапонија почна продажбата на новата Honda Jazz (хит во Јапонија). Во Европа се очекува напролет, а таа привлекува со внатрешниот простор, кој според "Honda" е на ниво на возилата од средната класа! Ќе биде придвижуван од два бензински мотора со и-VTEC технологија од 1,3 и 1,5 литри. Во моментов, во својата понуда "Honda" нема малолитражен дизелаш, а не се спомнува ниту негово додавање во гамата. Тоа ќе биде голем минус за европскиот пазар. Шасијата е преработка на старата но, пред сè, подобрено е лежењето во свијоците, како и комфорот на патниците. Во внатрешноста може удобно да се сместат пет возрасни лица, а има и многу места за чување дребулии, како што се, 10 држачи за чаши! Дизајнот е впечатлив, пред сè, за младата популација, со остри линии слични на другите модели од марката. Успехот најмногу ќе се бара и во овој дел, што ќе биде и најголем адут на новиот Jazz.

# 2008 HONDA JAZZ



# FORD FOCUS CC



"FORD", покрај освежувањето на моделите со пет и со четири врати, објави и "фејс-лифтинг" на кабрио верзијата на својот најпродаван модел, Focus. Овој пат Focus CC е многу поелегантен и полуксузен. Повторно ќе се користи трендовскиот тврд покрив, кој во пакетот со Kinetic дизајнот на "FORD" дава прекрасна комбинација на елеганција и динамичност, нешто што недостасуваше во стариот модел. Оперирањето со кровот е сосема автоматско со помош на електрохидрауличен систем, а се контролира од внатрешноста на автомобилот. Во внатрешноста се вградени поквалитетни и полуксузни материјали, а обновени се инструмент таблата и средишната конзола. Просторот на предните седишта ќе остане првокласен, но на задните, како и во застарениот модел, нема да биде премногу комфорно.

Во новиот Focus CC ќе се вградуваат три мотори, два бензински и еден дизелски. Во почетната верзија ќе се вградува бензинецот од 1,6 литри и 100 кс, кој треба да биде доволен само за оние кои уживаат во мирното возење. За останатите, понуден е 2,0 литарски бензинец од 145 кс, додека за оние кои сакаат штедливо возење, во понуда ќе влезе и дизелот од 2,0 литри и 136 кс, кој импресионира најмногу со вртежниот момент од 320 Nm.


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА
ДЕНТА НОВА

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија



Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com

SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "